РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број: / Numer: 02-1701/4
27.04.2026 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

**ЗАПИСНИК**
**од 14. седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги одржана на 9.4.2026 година**

**Членови на Советот на Агенцијата присутни преку видеоконференциска врска:** м-р Сашо Стефановски, м-р Зирјета Јајага, м-р Гордана Мајнова, Афрона Врзиволи, Цветанка Миновска, Петар Џуровски и Виктор Павловски.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата:** /

На седницата преку видеоконференциска врска беше присутен д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**Вработени од Стручната служба присутни преку видеоконференциска врска:** м-р Драгица Љубевска, д-р Ивана Стојановска, Горан Радуновиќ, Цветанка Митревска, Димитар Танулов, Ружица Б.Јотевска, Маја Дамевска, Сергеј Тодоровски.

**Други присутни:** /

Претседателот на Советот, м-р Сашо Стефановски, ја отвори 14. седница на Советот. Седницата почна во 15:35 часот и се одржа преку видеоконференциска врска.

Во однос на предложениот Дневен ред, претседателот Стефановски, појасни дека Точката бр.2 - „ Предлог-одлука за одземање на дозволата за телевизиско емитување на ТРД Телевизија Плус ДОО Куманово" - се преименува во „Предлог-решение за запирање на покренатата постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на ТРД Телевизија Плус ДОО Куманово", имајќи предвид дека радиодифузерот во меѓувреме ги исполнил законски пропишаните обврски.

Советот на Агенцијата едногласно го усвои следниот:

**Д Н Е В Е Н  Р Е Д**

1. Усвојување Предлог-записник од 13. седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 2.4.2026 година.

2. Предлог-решение за запирање на покрената постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на ТРД Телевизија Плус ДОО Куманово.

3. Предлог за давање одобрување за спроведување постапка за јавна набавка – услуга: организирање на 65 состанок на ЕПРА.

4. Разно.

**Точка 1**

Советот го разгледа и едногласно го усвои предложениот Записник од 13. седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 2.4.2026 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, го образложи Предлогот за запирање на покренатата постапка за одземање на дозволата на ТРД Телевизија Плус ДОО Куманово. Во образложението наведе дека на радиодифузерот, на 17 февруари оваа година, му била доставена фактура за плаќање на годишниот надоместок за телевизиско емитување во износ од 281.341,00 денари, која не била платена во законски утврдениот рок од 30 дена. Поради непостапување по обврската, Советот на седницата одржана на 30 март покрена постапка за одземање на дозволата. Во меѓувреме, на 9 април, радиодифузерот во целост го уплатил износот по основ на годишниот надоместок, со што се исполнети законските услови до Советот да се достави предлог за запирање на постапката за одземање на дозволата.

Советот на Агенцијата едногласно донесе Решение за запирање на покрената постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на ТРД Телевизија Плус ДОО Куманово, УП1 бр.08-626 од 7.9.2023 година.

Согласно Известувањето за извршена уплата бр.05-1326/2 од 9.4.2026 година, ТРД Телевизија Плус ДОО Куманово, годишниот надоместок за дозволата за телевизиско емитување го плати во целост, според доставената ф-ра бр. 2026-100-0088 од 17.2.2026 година.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, се задолжува Решението за запирање на покренатата постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на ТРД Телевизија Плус ДОО Куманово, да го објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 3**

Директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, појасни дека материјалот бил предмет на неформално разгледување, при што до неговото финализирање биле доставени забелешки од страна на советникот Виктор Павловски. Истите, како што посочи, биле разгледани во консултација со Секторот за правни работи и јавни набавки, при што биле прифатени и соодветно инкорпорирани во текстот на материјалот доставен до Советот. Во однос на самата постапка, директорот упати дека дополнителни појаснувања може да даде раководителката на Секторот за правни работи и јавни набавки, Цветанка Митревска, додека за содржината на материјалот членовите на Советот можат да се обратат до Ивана Стојановска или Драгица Љубевска.

Драгица Љубевска појасни дека станува збор за јавна набавка на услуга – избор на економски оператор кој ќе го организира одржувањето на 65 состанок на Европската платформа на регулаторни тела (ЕПРА), на кој Агенцијата ќе биде домаќин. Состанокот ќе се одржи во периодот од 2 до 4 јуни 2027 година во Скопје, при што се очекува учество

на околу 150 до 180 домашни и странски учесници. Таа објасни дека набавката е поделена во два дела. Првиот дел треба да се реализира до 31 август 2026 година и опфаќа изработка на промотивно видео за државата, набавка на ситни репрезентативни подароци и еден протоколарен подарок, како и резервација на конференциска сала и хотелско сместување. Вториот дел од набавката ќе се реализира во периодот од 1 мај до 4 јуни 2027 година и вклучува обезбедување протоколарен подарок за следниот домаќин на ЕПРА, набавка и печатење на промотивен материјал, обезбедување подароци за учесниците, организација на работен состанок во траење од ден и половина со обезбедени ручеци и кафе-паузи, организација на свечен прием на 2 јуни, неформална вечера на 3 јуни, како и организација на туристичка тура со водич во Скопје во времетраење од приближно два часа. Дополнително посочи дека во прилог на материјалот е доставена детална техничка спецификација и дека предметот на договорот е неделив, односно економскиот оператор треба да ги опфати сите елементи од спецификацијата, во спротивно понудата ќе се смета за неприфатлива. Набавката, како што нагласи, е предвидена во Годишниот финансиски план и во Планот за јавни набавки на Агенцијата за 2026 година.

Претседателот на Советот, м-р Сашо Стефановски, постави прашање во врска со изработката на промотивното видео, односно дали е предвидено понудувачите да достават сценарио за неговата реализација.

м-р Драгица Љубевска одговори дека во рамките на постапката е предвидено економскиот оператор да достави сценарио, кое по негово одобрување ќе биде проследено со работна верзија, а по нејзиното прифаќање ќе се пристапи кон изработка на финалната верзија на видеото.

Раководителката на Секторот за правни работи и јавни набавки, Цветанка Митревска, појасни дека станува збор за набавка предвидена во Годишниот план за јавни набавки, за која средствата се обезбедени во Финансискиот план на Агенцијата. Согласно проценетата вредност, постапката ќе се спроведе како отворена постапка, во согласност со Законот за јавни набавки. Таа објасни дека постапката ќе започне со објавување на оглас на електронскиот систем за јавни набавки, како и во „Службен весник на Република Северна Македонија", при што сите останати релевантни информации се детално разработени во доставените материјали. Воедно, посочи дека стручната служба стои на располагање за дополнителни појаснувања.

Во продолжение, претседателот Стефановски постави прашање во однос на финансиската конструкција, односно дали предвидените средства претставуваат максимален износ што Агенцијата ќе го потроши за оваа намена.

Директорот Трајчевски одговори потврдно, појаснувајќи дека станува збор за максимално предвиден износ, при што конечната вредност ќе зависи од понудите доставени во рамките на постапката за јавна набавка.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување на директорот на Агенцијата, за спроведување постапка за јавна набавка-услуга: организирање на 65 состанок на ЕПРА.

Спроведувањето на постапката за јавна набавка-услуга: о организирање на 65 состанок на ЕПРА, е предвидено и е во согласност со Годишниот план за јавни набавки за 2026 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, (пречистен

текст) бр.05-869/1 од 4.3.2026 година, а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2026 година.

**Точка 4**

**Разно**

Немаше дискусија под „Разно“.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**претседател на Советот,**

**м-р Сашо Стефановски**